Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и Сл. Весник на РСМ бр. 89/22, Министерство за транспорт и врски, на ден _____________ година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Државна урбанистичка планска документација за Некомпатибилна инфраструктура – Е3 (Депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец, општина Кавадарци потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Државна урбанистичка планска документација за Некомпатибилна инфраструктура – Е3 (Депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец, општина Кавадарци се определуваат следните: општина Кавадарци, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство и др.

3. За планскиот документ Државна урбанистичка планска документација за Некомпатибилна инфраструктура – Е3 (Депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец, општина Кавадарци, за чија изработка е одговорно Дизајн Центар Инженеринг од Кавадарци, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ Државна урбанистичка планска документација за Некомпатибилна инфраструктура – Е3 (Депонија за неопасен отпад – троска), КО Шивец, општина Кавадарци ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на создавање на отпад, влијание врз амбиентниот воздух, влијание врз биодиверзитетот (флора и фауна), влијание врз демографијата, влијание врз стопански развој, влијание здравјето на луѓето, социјални и финансиски влијанија и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 21-6653/1
Датум: 06.12.2022
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски